**20180581082**

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47, став 1, точка 6 и член 71 став 2 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЕДИНСТВЕНАТА ТАРИФА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во Одлуката за единствената тарифа на надоместоците за услугите што ги врши Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 218/16), во точката 11.1 ставот 2 се менува и гласи:

“По исклучок на ставот 1 од оваа потточка, надоместокот за водење сметка врз основа на долговен промет остварен од сметка на носителот на платниот промет со МТ103 или МТ202 изнесува:

| | |
|---|---|
| – за меѓубанкарско тргување на пазарот на депозити со рочност преку ноќ; | 0,002% |
| – за пласирање средства во расположливи депозити со рочност на седум дена кај Народната банка; | 0,0058% |
| – за пласирање средства во расположливи депозити преку ноќ кај Народната банка; | 0,0004% |
| – за тргување со хартии од вредност (дефинитивни и репо-трансакции) на пазарите преку шалтер помеѓу пазарните учесници, со исклучок на трансакциите поврзани со монетарните инструменти на Народната банка.” | 0% |

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 април 2018 година.

О. бр. 02-15/VI-2/2018
29 март 2018 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Македонија,
**Димитар Богов,** с.р.